**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Врз основа на член 44-б став 5 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15 и 99/16), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе,

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

## Член 1

Во членот 12, во ставот (1) од Правилникот за начинот на вршење на инспекцискиот надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 207/16), по зборот „учествуваат“, се додаваат зборовите: „односно да преземаат дејствија во врска со надзорот“, а зборовите: „или надворешни експерти“ се бришат.

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи: „По исклучок од ставот (1) на овој член, заради утврдување и разјаснување на одредени факти и околности во врска со надзорот за кои е потребно стручно знаење надвор од надлежностите на Дирекцијата, директорот на Дирекцијата може при вршење на надзорот да овласти да учествуваат и надворешни експерти.“

Во ставот (2) кој станува став (3), зборовите: „ставот (1)“ се менуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)“.

## Член 2

Преземените дејствија во врска со инспекциските надзори кои се започнати пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, ќе се довршат согласно одредбите на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1054/1
19 мај 2017 година
Скопје

Директор,
**Горан Трајковски,** с.р.